**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-46

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 19 и член 28 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **Телеком Словенија, АД** со регистрирано седиште на Цигалетова улица 15, 1000 Љубљана, Словенија преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седница одржана на ден 21.07.2017 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која **Телеком Словенија, АД** со регистрирано седиште на Цигалетова улица 15, 1000 Љубљана, Словенија стекнува контрола над припејд договорите, трговските марки, услужните марки и залихите на стока на друштвото **Изи мобил телекомуникации, АД** со регистрирано седиште на Стегне 11Б, 1000 Љубљана, Словенија, преку купопродажба на средства, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 03.07.2017 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) прими Известување за концентрација со која Телеком Словенија АД, со регистрирано седиште

на Цигалетова улица 15, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне контрола над припејд договорите, трговските марки, услужните марки и залихите на стока на друштвото Изи мобил телекомуникации АД Љубљана Словенија, преку купопродажба на средства и тоа (и) припејд договори склучени помеѓу ИЗИ мобил и неговите крајни корисници (за која што аквизиција крајните корисници дадоа своја согласност), (ии) трговски марки и услужни марки регистрирани во Заводот за индустриска сопственост на Словенија и/или други надлежни регистри, со сите други нерегистрирани марки, како и (иии) залихата на стока на ИЗИ мобил вклужувајќи СИМ картички и припеид пакети со интегрирани СИМ картички.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**„Телеком Словенија, АД”** со регистрирано седиште на Цигалетова улица 15, 1000 Љубљана, Словенија е крајно матично друштво на Телеком Словенија Групата и првенствено се занимава со давање на мрежно-поврзани (телекомуникациски) услуги во Словенија и странство. Активностите на групацијата вклучуваат мобилни и фиксни комуникациски услуги, дигитална содржина и услуги, мултимедијални услуги и дигитално рекламирање. Понатаму, групацијата е активна во интеграција на системи и клауд компјутерски услуги како и развој и имплементација на решенија за менаџмент на претпријатија и поврзани алатки за управување и мониторинг на операциите. Друштвото е исто така активно во одржување на телекомуникациски мрежи и конзервација на природното и културното наследство на Сечовље Салтпанс Регионалниот Парк преку друштвото Солине д.о.о. Најголемиот дел од нејзините услуги се нудат под брендот Телеком Словенија.

Како дел од сегментот на комуникациски услуги, Телеком Словенија Групацијата нуди мобилна и фиксна гласовна телефонија, мобилен и фиксен пренос на податоци, пристап до широкопојасен интернет и пристап до телевизиска мрежа.

Телеком Словенија Групата има едно поврзано друштво во Република Македонија - **СИОЛ ДООЕЛ** Скопје со седиште на ул. Димитрие Чуповски бр. 4-1/14 Скопје и е одговорно за управување со регионалната оптичка мрежа на групацијата во Македонија. Друштвото има еден телекомуникациски PoP (точка на присуство) во Скопје (ILA во Куманово и Крива Паланка).

**„ИЗИ мобил“ АД Љубљана, Словенија** со регистрирано седиште на Стегне 11Б, 1000 Љубљана, Словенија, е активен во давањето на припеид телекомуникациски услуги. Изи мобил нема активности и поврзани друштва во Република Македонија.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и утврди дека концентрацијата потпаѓа под одредбите на Законот бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Благој Чурлинов**